| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Предвесници на пролетта |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Татјана Јовановска |
| | **Дневна активност** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилниот начин на одржување на хигиената на рацете и миење според правилен редослед. |
| **Активности** | Како вовед го читаме текстот „Предвесници на пролетта“ од Р.Костеска и С.Тодорова (во прилог фотографија ) . Потоа разговараме за содржината. Но за да му биде поинтересно на детето можете да му направите игра со апликации кои ја симболизираат пролетта и се дел од текстот. Апликациите (кокиче, ластовица, качунка, сонце, развигор...) завртете ги наопаку, детето нека одбира по една апликација. Потоа преку прашања поттикнете го да разговара за сликата која ја одбрало (пр. кокиче: Кое цвеќе ни ја најавува пролетта ? Ајде да ги наброиме деловите на кокичето...) притоа внимаваме на правилниот говор и одговарање со целосно составени реченици. На овој начин се збогатуваат правилниот говор и знаењата за годишното време пролет.<br>За крај може да слушате пролеттни песни по Ваш избор или да прошетате во блиската околина и да ги набљудувате промените на времето во пролет. |